| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Детален Урбанистички План за дел од Блок 3-04 (Блок 13В според ГУП од 2014 година) општина Крива Паланка, плански период 2019-2024 |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Крива Паланка |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Крива Паланка |

| Податоци за изработувачот планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | **Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ПРОСТОР ДОО Куманово**<br>- Марина Стојмановска Стојчевска, диа<br>- Билјана Јакимовска, диа<br>- Дана Јовановска, диа |
| Назив на работното место | планери |
| Контакт податоци за лицето | Ул. „Моша Пијаде" бр. 2, Куманово<br>Тел. 031/475-521 |

**Основни податоци за планскиот документ**

Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. Законска обврска или друга одредба)

**Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23)**
**Програма за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во општината Крива Паланка за 2024 година.**

Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?

√ **Да(нов плански документ)**
**Не**

Доколку се вршат измени на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините на негово изменување?

Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа

**Да, просторно и урбанистичко планирање**

Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. Член 3, точка 1, алинеја5)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да**<br>**Не** √ | | | |

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.

**Не**

Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површинатана областа и нејзиното значење.

**Да, 7,37 ха**

Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.

**Изработката на планскиот документ Детален Урбанистички План за дел од Блок 3-04 (Блок 13В според ГУП од 2014 година) општина Крива Паланка, плански период 2019-2024, претставува континуитет на урбаниот развој на општината, преку добра организираност на просторот и создавање на можности за функционалност, комплементарност, атрактивност, комуникативност и флексибилност.**

Предмет на планскиот документ. ( пр. Транспорт, планирање на просторот и сл.)

**Планирање на просторот**

Период за донесување на планскиот документ.

**2019-2024 година**

Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?

**Предвидено ревидирање на планскиот документ е на 5 години.**

Простор или област опфатени со планскиот документ. ( пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)

**Планскиот опфат (7,37 ха) е со следниве граници:**

- **на север – осовина на улица градска магистрална улица А;**
- **на исток – новопроектиран дол Грамаѓе 1, ја пресекува ул. Пролетерска, продолжува по дол Грамаѓе и на јужната граница од КП 7122/1 свртува кон КП 7125;**
- **на југ – по јужната граница на КП 7125, 7126, 7127 и 7128, на крај од КП 7128 се свртува кон ул. Пролетерска и од осовина од истата улица свртува и се движи по истата, го поминува новопроектираниот дол Грамаѓе 2 и доаѓа до осовина на улица Вршачка;**
- **на запад – по осовина на улица Вршачка до осовина на улица градска магистрална улица А.**

Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

**Да** √

| |
|---|
| Не |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да<br>Не√ |

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.

**Како потенцијални влијанија врз животната средина со спроведување на планскиот елемент се очекуваат да бидат управувањето со отпад и бучавата и прашината во периодот на градежните работи (како резултата на користење на градежна механизација). Во фазата на фунционирање на објектите за лесна индустрија се очекува потенцијалните влијанија да бидат управувањето со отпад, бучава и евентуално отпадната вода и отпадни гасови.**

**Со реализација на оваа планска документација не се очекуваат зголемени негативни влијанија по животната средина.**

**Исто така со реализација на овој плански документ не се очекува нарушување на биодиверзитетот во овој предел.**

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | **Влијанијата врз животната средина ќе бидат присутни во депот на изградба на инфраструктурни објекти од самата механизација и тоа преку зголемена бучава, зголемена концентрација на прашина, создавањето на отпад.Долготрајно влијание врз животната средина се очекува во фазата на функционирање на лесната индустрија и стовариштата.** |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето; | **Нема да има зголемено негативно влијанија врз здравјето на луѓето и животната средина и здравјето на луѓето.** |
| Прекугранична природа на влијанијата; | **Нема прекугранична природа на влијанијата.** |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултата на несреќи); | **Бидејќи се работи за домување, лесна индустрија, стоваришта не се очекува да бидат зголемени ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина.** |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | **Планскиот опфат (7,37 ха) е со следниве граници:**<br>- **на север – осовина на улица градска магистрална улица А;**<br>- **на исток – новопроектиран дол Грамаѓе 1, ја пресекува ул. Пролетерска, продолжува по дол Грамаѓе и на јужната граница од КП 7122/1 свртува кон КП 7125;**<br>- **на југ – по јужната граница на КП 7125, 7126, 7127 и 7128, на крај од КП 7128 се свртува кон ул. Пролетерска и од осовина од истата улица свртува и се движи по истата, го поминува новопроектираниот дол Грамаѓе 2 и доаѓа до осовина на улица Вршачка;**<br>- **на запад – по осовина на ул. Вршачка до осовина на улица градска магистрална улица А** |

Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:

**Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и**

| | |
|---|---|
| **уреденост на просторот.** | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>**Донесувањето на планскиот документ нема да предизвика особени промени во областа.** | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | **Во оваа област нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Во оваа област не е откриено културно наследство.** |
| Надминувањето на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | **Надминување на стандардите за квалитетот на животната средина може да се појават за време на изградба, преку локално зголемена бучава и создавање на отпад, прашина, издувни гасови од механизацијата и возилата кои ќе бидат користени во фазата на градење. Потребно е создадениот отпад да се отстранува на место предвидено за тоа, односно на градската депонија. Во периодот на функционирање на објектите за лесна индустрија и стовариштата може да настанат згоелемено ниво на бучава, создавање на отпад и евентулано отпадни води и отпадни гасови. Исто така дејностите кои што ќе бидат вршени во предвидената лесна индустрија и стовариштата ќе бидат подлежни на обезбедување на интегрирани екопошки дозволи и елаборати за заштита на животнта средина.** |
| Интезивна употреба на земјиштето | **Со планот се предвидува следната наменска употреба на земјиштето:<br>А (Домување)<br>- А1 – куќи за домување<br>Г (производство, дистрибуција и сервиси)<br>- Г2 – лесна и незагадувачка индустрија<br>- Г4 – стоваришта<br>Е (Инфраструктура)<br>- Е1 – комунална инфраструктура<br>- Г4 – комунална супраструктура** |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја | **Во областа нема заштитено подрачје** |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>**Со донесување на планскиот документ се создаваат предуслови за развој на локалната економија и зголемување на квалитетот на услуги кон населението.** | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>**Планскиот опфат (7,37 ха) е со следниве граници:**<br>- **на север – осовина на улица градска магистрална улица А;**<br>- **на исток – новопроектиран дол Грамаѓе 1, ја пресекува ул. Пролетерска, продолжува по дол Грамаѓе и на јужната граница од КП 7122/1 свртува кон КП 7125;**<br>- **на југ – по јужната граница на КП 7125, 7126, 7127 и 7128, на крај од КП 7128 се свртува кон ул. Пролетерска и од осовина од истата улица свртува и се движи по истата, го поминува новопроектираниот дол Грамаѓе 2 и доаѓа до осовина на улица Вршачка;**<br>**на запад – по осовина на улица Вршачка до осовина на улица градска магистрална улица А.**<br>**Планскиот опфат се наоѓа во урбана средина.** | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и | |

| | |
|---|---|
| намалувањето на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>**Предвидениот проект не се очекува да има зголемени негативни влијание врз животната средина. Влијанието ќе биде изразено во текот на градба и во фаза на функционирање на објектите за лесна индустрија и стовариштата. Самата реализација на овој плански документ ќе значи позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.** | |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да го реши или намали.)<br>**Еколошките проблеми кои би можеле како резултат на донесувањето на овој плански документ се следните:**<br>- **Нарушување на квалитетот на воздухот и зголемена бучава во фазата на изградба, како резултат на користење на градежна механизација;**<br>- **Можно влијание врз подземните води, почва и самата природа при неадекватен третман на отпадот создаден во текот на изградбата и функционирање на објектите за лесна индустрија и стовариштата;**<br>- **Нарушување на квалитетот на воздухот, зголемена бучава во фазата на функционирање на објектите за лесна индустрија и стовариштата.**<br>**Со доследно почитување и спроведување на законската регулатива истите влијанија би биле минимизирани.** | |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>**Овој плански документ е во согласност со Генерален урбанистички план за град Крива Паланка (период 2019 – 2029 година).** | |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледувани во други пласнки документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>**Спроведена е стратегиска оцена за Генерален урбанистички план за град Крива Паланка (период 2019 – 2029 година).** | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постпка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>**Ќе биде спроведена оцена на влијанието врз животната средина за дејностите и активностите предвидени во овој плански опфат согласно законската регулатива.** | |
| **ИЗЈАВА** | Изјавувам дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник,<br>Сашко Митовски |
| Број: **29-2596/2**<br>Датум: **28.05.2024 година**<br>Место: Крива Паланка | М.П. |